Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА -DREJTORIA PËR MJEDIS JETËSOR
СЕКТОР ЗА ПРИРОДА - SEKTORI I NATYRËS

Арх. Бр./Nr.Arh. 11 - 1439/2
Дата/Data: 18. 03. 2021 год./viti

**До/Deri te:** **Сектор за координација на работата на министерот -ТУКА**

**Предмет/Lenda:** **Известување**
**Врска/Lidhja:** **11-1439/1 од 05.03.2021**

Почитувани,
Të nderuar,

Во врска со препратеното барање за пристап до информации од јавен карактер, согласно член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Сл. весник на РСМ",бр.101/19), досатвено од О2 Иницијатива, Татјана Чакулев, односно за достава на сите издадени согласности/позитивни мислења на Министерството за животна средина и просторно планирање, а кои како законска обврска произлегуваат од Законот за постапување со бесправно изградени објекти ("Сл. весник на РМ", бр.23/11, 54/11, 155/12, 72/13, 44/14, 115/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17), Секторот за природа при Управата за животна средина, од аспект на своите надлежности во областа на заштита на природата, Ве известува за следното:

Соглано член 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти ("Сл. весник на РМ", бр.23/11, 54/11, 155/12, 72/13, 44/14, 115/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17), постапката за утврдување на правен статус на бесправно изграден објект ја спроведуваат органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот и единиците на локланата самоуправа,

Согласно 18, став 1 од истоимениот закон "*доколку бесправниот објект е изграден во граници на заштитено подрачје утврдено со закон односно во национален парк, споменик на природа, парк на природа, заштитен предел или повекенаменско подрачје, во заштитен крајбрежен појас на природни езера како и во прва и втора санитарно заштитна зона на извори на вода за пиење, надлежниот орган од членот 4 од овој закон, по службена должност прибавува мислење од Министерството за животна средина и просторно планирање*".

Во насока на спроведување на оваа законска обврска Секторот за природа во периодот од Февруар 2011 до Февруар 2021 година односно за временска рамка


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor
e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.m

од 10 години, на барање на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот и единиците на локланата самоуправа, има изготвено околу 1030 стручни мислења .

Стручните мислења изготвени од стручните служби при Управата за животна средина како документи кои произлегуваат од надлжноста на Министерството за животна средина и просторно планирање, согласно: (1) Планот на архивски материјал за распоредување на актите и (2) Листата на документиран материјал со рокови за чување на актите во Министерството за животна средина и просторно планирање, претставуваат документација којашто е со рок на чување од 5 години.

Имајки го во предвид фактот дека преметното барање се однесува за документација за којашто рокот за чување согласно горенаведените документи е надминат, особено за документитите изготвени во периодот од 2011-2015 година, Ве известуваме дека не сме во можност излеземе во пресрет на барањето на О2 Иницијатива застапувана од Татјана Чакулев.

За периодот од 2015-2021 година стоиме на располагање за доставување на информации доколку во барањето за бесправно изградениот објект бидат доставени податоци за КП-катастарска парцела / КО-катастарска општина / општина.

Истовремено Ве известуваме дека е потребно да се обезбедат информации и од Секторот за води којшто во рамките на Министерството за животна средина и просторно планирје исто така изготвува стручно мислње во постапката за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти.

Со почит,
Me respect,

**в.д. Директор на Управа за животна средина**
**u.d. Drejtor i Drejtorisë për mjedis jetësor**
**Hisen Xhemaili**

Изготвил/Përpiloi: Валентина Чавдарова
Раководител на Одделение

Контролирал/Kontrolloi: Влатко Трпески
Раководител на Сектор


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor
e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.m